Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-30/2
07.06.2023, Скопје

За потребите на проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство", финансиран од Европската комисија, преку ИПА програмата – IPA 2020 EU FOR RULE OF LAW – EU Support for Enhancing Journalists Rights (Број на грант: IPA/2022/439-258), а имплементиран од страна на Центар за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ и Институтот за човекови права, проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПРОЕКТНА ЗАДАЧА 1/2023

за ангажирање на експерти за изработка на водич за примена на пристапот заснован на човекови права во медиумската работа

I. НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ

„Заедно за поквалитетно локално новинарство"

II. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Број на предвидени работни денови: 15
Почеток на договорот: јуни 2023
Крај на договорот: август 2023

III. ПОЗАДИНА

„Заедно за поквалитетно локално новинарство" е проект чијашто генерална цел е зајакнување на капацитетот и промовирање на професионалните стандарди на локалните новинари. Специфични цели на проектот се:

1. Да се зајакнат капацитетите на локалните новинари, особено од етничките малцинства, да практикуваат истражувачко новинарство, дигитална и медиумска писменост, како и стандардите за човекови права во нивната работа;
2. Да се зајакнат капацитетите на студентите по новинарство за професионален развој и креативно изразување во медиумите;
3. Да се подобри влијанието и соработката помеѓу локалните граѓански организации и локалните медиуми за промовирање на правата на новинарите, поттикнување на борбата и реагирањето на сите форми на насилство против новинарите, промовирање на професионалните стандарди и слобода на говорот.

Проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство" е финансиран од Европската комисија, преку ИПА програмата – IPA 2020 EU FOR RULE OF LAW – EU Support for Enhancing Journalists Rights.

Проектот го спроведува Центарот за развој на медиумите на заедниците "МЕДИУМ" во партнерство со Институтот за човекови права.

Институтот за човекови права (ИЧП) е здружение на граѓани лоцирано во Скопје, основано во 2009 г. со цел промовирање, унапредување и заштитата на човековите права и слободи преку континуирана едукација на професионалната јавност и анализа на состојбите,

организирање на стручни дискусии во рамките на правната професија и дискусии за општата јавност со цел зајакнување на капацитетите и механизмите за промовирање, гарантирање и заштита на човековите слободи и права. ИЧП ги остварува своите активности во соработка со државни органи и институции, граѓански организации од земјата како и регионални и меѓународни институции и организации од областа на заштитата на човековите права.

IV. ЦЕЛ НА ЗАДАЧАТА

Генералната цел на задачата е изработка на водич за примена на пристапот заснован на човекови права во медиумската работа, чија цел е градењето на капацитетите за човекови права на медиумите.

Водичот за примена на пристапот заснован на човекови права (ПЧПР) за медиумите ќе служи како основна алатка и насоки за вклучување на принципите на човековите права во работата на медиумите и при известувањето. Водичот треба да содржи примери за известување за локални прашања со цел да се промовира подобро разбирање и имплементација на ПЗЧП од страна на локалните новинари и медиумски работници. Целта е овој водич да послужи како главна алатка за искоренување на известувањето кое промовира стереотипи и предрасуди кон одредени групи, вклучувајќи жени, лица со посебни потреби, етничко-јазични и религиозни малцинства и постари граѓани. Водичот треба да објасни дека фокусот на известувањето треба да е на сржта на проблемот и да ја истакне улогата на државата како носител на должности кој има обврска да обезбеди остварување на правата, наместо да го одвлекува вниманието на читателот фокусирајќи се на ирелевантни детали. Водичот треба да истакне дека секоја истражувачка статија треба да одговори на две глави прашања: што се случило со луѓето за коишто се известува и кои се нивните основни права? Кои се обврските на државата или властите во конкретната ситуацијата?

За оваа задача ќе бидат ангажирани двајца експерти кои имаат искуство со човекови права и медиумска работа. Едниот експерт ќе има задача да ги истражи за пристапот заснован за човекови права и неговата важност, како и да го одвои главните стандарди и принципи на овој пристап кои треба да ја претставуваат основата на медиумската работа. Вториот експерт, врз база на селектираната литература и принципи, ќе треба да ја прилагоди теоретската рамка на ПЗЧП за медиумска работа и да вклучи конкретни примери за медиумски известување. Информациите во водичот треба да бидат практични и лесно разбирливи.

Водичот треба да содржи најмногу 30 страници.

Задачи и обврски:

Во координација со Проектниот асистент и тимот на ИЧП, ќе се реализираат следните задачи:

1. Анализирање на ПЗЧИ и селектирање на релевантните принципи за медиумска работа;
   - Селектирање на релевантна литература, издвојување на релевантните принципи и стандарди на ПЗЧП, како и теоретски концепти кои се важни за разбирање на ПЗЧП.
2. Изготвување на водичот кои ќе вклучи принципите и стандардите поставени од ПЗЧП и ќе ги примени на медиумската работа преку конкретни примери и насоки за истражување и известување.

Работата ќе се смета за финална само откако ќе биде одобрена од ИЧП.

V. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Од ангажираните експерти се очекува да ги испорачаат следниве резултати:

Резултати	Прелиминарен датум
1. Анализирање на ПЗЧИ и селектирање на релевантните принципи за медиумска работа	30 јуни
2. Подготовка на водичот	24 јули
3. Уредување на водичот	31 јули

Начин на плаќање

За ангажманот предвиден е финансиски надоместок. Плаќањето ќе биде извршено по реализација на услугата и доставување на бараниот материјал.

VI. ЛОГИСТИКА

За спроведување на активностите од страна на програмскиот тим на ИЧП ќе биде обезбедена следнава поддршка:

- ИЧП проектен асистент – достапен во текот на целата мисија;
- Во функција на успешно извршување на задачата на експертите ќе им биде ставена на располагање сета потребната документација со која располага ИЧП.

Експертите ќе работат во координација и под директен надзор на проектниот асистент и, по потреба, со поддршка од тимот на ИЧП. Тие ќе бидат во редовна комуникација со проектниот асистент во канцеларијата на ИЧП или преку е-маил. Целата комуникација и документите ќе треба да бидат подготвени на македонски јазик. Материјалните и другите права на експертите за нарачаното дело се пренесуваат на ИЧП (вклучувајќи и без ограничување права на дистрибуција, печатење и копирање на делото) со јасно наведување на авторството.

VII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Временската рамка за реализација на услугата е во период од јуни 2023 до август 2023.

Тимот на Институтот за човекови права, во рамки на предвидената временска рамка, ќе се договори со вршителите на услугите за точниот датум за испорака на резултатите. Деталната временска рамка ќе биде дополнително креирана во договор со сите членови на тимот.

VIII. МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧАТА И ПАТУВАЊЕ

Местото на извршување на задачата ќе биде одредено од страна на експертите. Службени патувања не се предвидени согласно проектната активност.

IX. ВЕШТИНИ

- Способности за аналитичко размислување, известување и пишување;
- Добра организација на времето и исполнување на поставените рокови.

X. КВАЛИФИКАЦИИ НА ЕКСПЕРТИТЕ

Образование

- Минимум завршени студии од втор циклус на високо образование или завршено четиригодишно високо образование во област релевантна за задачата (новинарство, човекови права, право, општествени науки, итн.).

Искуство

- Најмалку 5 година искуство со медиумска работа и/или во областа на човековите права;
- Најмалку 5 година искуство во пишување на анализи, водичи, академски статии и слично.

XI. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

Изборот на понудувачите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда. Договор ќе се склучи со двајца понудувачи чија понуда:
а) Е соодветна и прифатлива и
б) Ќе освои најголем број на поени согласно следниве критериуми:

- Квалитативни критериуми: 60%
- Финансиска понуда: 40%

За **финансиската евалуација** ќе се земат предвид само кандидатите кои ќе добијат минимум 42 поени во квалитативната евалуација.

За одредување на бодовите на финансиската понуда ќе се користи следнава формула:
број на бодови = (најниска понудена цена x максимален број на бодови) / цена на понудата

Квалитативна евалуација:

Критериуми	Максимум поени 60
Образование Студии од втор циклус или четиригодишно високо образование = 16 поени Студии од трет циклус = 20 поени	20

Искуство поврзано со медиумска работа и/или човекови права 5 години = 20 поени 6-10 години = 25 поени Повеќе од 10 години = 30 поени	30
Искуство поврзано со пишување 5 години = 6 поени 6-10 години = 8 поени Повеќе од 10 години = 10 поени	10

XII. ДОКУМЕНТИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОДНЕСАТ

Заинтересираните понудувачи се поканети да ги достават следните документи:

- CV со фокус на потребната квалификација и искуство; и
- Финансиска понуда во следниот формат:

Проектна задача 1/2023	Цена во бруто износ
Еден експертски ден	

Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје